# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

СКМ-ЗП-РУ / 08-03

Групација на пазарите
Бр. 98-614/1
28.4.2021 година
С к о п ј е

До
- Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика во Владата на Република Северна Македонија
С к о п ј е

**Предмет: Мислење по ревидираниот предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи**

Почитувана госпоѓо Шахпаска,

Групацијата на пазарите при Стопанската комора на Северна Македонија обединува повеќе од 50 фирми, посебни јавни претпријатија кои исклучиво се занимаваат со дејност пазари или се дел од Јавните комунални претпријатија во рамки на општините.

Во врска со предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен на Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР), организаторите на зелените пазари-членки на Групацијата на пазарите при Стопанската комора на Северна Македонија изразуваат силно незадоволство од предложеното законско решение и укажуваат дека предложените одредби ќе имаат сериозни негативни последици врз работата на повеќе од 5.000 закупци на тезги на зелените пазари кои функционираат во повеќе од 50 општини на локалано ниво на територијата на целата држава и со негативен ефект врз граѓаните кои нема да имаат можност за пазарање на зелените пазари во недела и во деновите на државни празници.

Имено, организаторите на зелените пазари укажуваат дека предложениот концепт за уредување на прашањето на користењето на неделниот одмор со воведување на целосна забрана за работа во недела со исклучок на дејностите кои се поименично наведени, не оди во полза ниту на закупците на тезги, ниту на работниците и ќе предизвика сериозни негативни импликации.

Текстот на предлог законот за работни односи, како и тој на законот за трговија, не се во интерес на дејноста трговија на зелени пазари. Напротив, со предложените решенија статусот и значењето на дејноста трговија на зелени пазари е депласиран, како за организаторите, така и за закупците на тезги (тезгаџиите) и граѓаните пошироко.

Имајќи ја предвид репрезентативноста како организатори на зелените пазари во поголемите, но и значајно помали градови на територијата на целата држава, Групацијата на пазарите при Комората го изнесува својот став по однос по ревидираниот предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен на Единствениот Национален Електронски Регистар на прописи на Република Северна Македонија - ЕНЕР, при што го даваме следното:

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

**М И С Л Е Њ Е**
**по ревидираниот предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи**

Во Предлогот за измени и дополнувања на ЗРО исклучоците од правилото (дека недела е неработен ден) се поврзани пред се со процесите на:

- **производство;**
- **снабдување со енергенти и вода;**
- **дејностите на здравствена и социјална заштита;**
- **дејности поврзани со уметноста, забавата, спортот и рекреацијата, како и**
- **дејностите на јавните органи, служби и сервиси кои имаат јавен**
- **предзнак.**

Поради тоа, го предлагаме следното:

- **Предложената измена во членот 106 став 3 да се брише;**
- **Во членот 134, ставот 2 да се измени и да гласи:**

  **(2) Ден на неделен одмор е недела. Ако тоа е потребно заради техничко-технолошки, организациски или објективни причини, како и кога работниот процес е организиран во систем на четирисменско работење, работникот правото на неделен одмор ќе го користи во друг ден од неделата, најдоцна во наредните седум дена.**

*Алтернатива*

**Доколку надлежните државни органи останат на определбата на таксативно наведување на исклучоци од генералната забрана за работа во недела, во листата да бидат дополнети на следниот начин:**

**ПРЕДЛОГ:** Во исклучоците од **Членот 134 од Законот за работни односи, став 3,** да се вметне дејноста во исклучоците: „ТРГОВИЈА НА МАЛО НА ТЕЗГИ И ПАЗАРИ" (шифра 47.8 според националната класификација на дејности – НКД Рев. 2).

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** Ова е особено од интерес за јавните комунални претпријатија - пазарите затоа што (согласно Законот за комунлни дејности) и тие вршат дејност од јавен инетерес - од локално значење.

**ЗАБЕЛЕШКА: Во Став 4:** содржана е упатувачка норма, која исто така предвидува **исклучок и за работодавачите од трговијата,** а кој предвидува:

„Работниците кај работодавачите од трговијата, неделниот одмор од ставот 2 го користат во согласност со Законот за трговија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** Ваквата упатувачка норма од став 4 на членот 134 од ЗРО, претставува шанса за организаторите на зелените пазари да издејствуваат поинакво решение за денот недела како неработен ден во Законот за трговија (кој исто така е во фаза на Предлог на измени и дополнувања по скратена постапка и е објавен на ЕНЕР).

Неповолно е тоа што предлагачот – Министерството за економија (како надлежен ресор за уредување на односите во областа на трговијата), во предлогот за измена и дополнување на законот за трговија, исто така ја предвидува недела како неработен ден на зелените пазари.

**ПРЕДЛОГ:** Да се користи исклучокот **во став 4 на членот 134 од ЗРО** што ќе иницира измени и дополнувања на Законот за трговија, во делот кој предвидува исклучоци, да се внесе и дејноста: „ТРГОВИЈА НА МАЛО НА ТЕЗГИ И ПАЗАРИ„ (која во националната класификација на дејности (НКД Рев. 2) регистрирана е под Шифра 47.8).

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:** На тој начин, посредно (преку евентуално овозможено тргување на трговците на тезги и зелени пазари), би се овозможила и работата на организаторите на зелени пазари.

*

* *

Во случај на усвојување на предложените измени и дополнувања на Законот за работните односи и Законот за трговија, последицата по закупците на тезги ќе биде неможноста да работат во ден недела и во државните празници, а и граѓаните нема да може да пазарат во овие денови како и досега кога се остварува најголемиот промет во поголем дел од градовите.

**Трговците на тезги** на зелените пазари финансиските импликации од измените на законот ќе ги почуствуваат многу сериозно од причина што најголемиот промет го остваруваат токму во викенд деновите - сабота и недела, како и во деновите на државни празници.

За трговците на тезги на зелените пазари, кои вршат продажба на сопствени земјоделски производи само во деновите на викендот – т.н. сезонски продавачи, исто така мерката „недела неработен ден„ ќе значи неможност за стопанисување.

Постојат зелени пазари во државата на кои најзначаен пазарен ден им е недела а во дел од градовите традиционално им е само во ден недела (пр. Гевгелија, Богданци и други). Во тој случај, таквите градови и населени места би требало да останат без можност за снабдување.

Прогласувањето на недела за неработен ден и навиките, традиционално создадени на зелените пазари низ државата – претежно да се пазари во деновите на викендот, можат да ја зајакнат појавата на т.н. диви продавачи кои ќе продаваат на јавни површини (улици, тротоари, плоштади, скверови и други „погодни„ места). Последиците од тоа се повеќе комунален отпад на јавни површини, кој нема кој да го собере и создавање и покачување на сивата економија во државата.

Голем број на продажни тезги на пазарите низ државата би останале неангажирани, од кои само на пазарите во Скопје – со кои стопанисува Скопски пазар АД – 2500 по број, Велес околу 350, Кавадарци околу 200 неангажирани тезги од кои скоро 70% се тезги ангажирани од земјоделски производители, Тетово 166 тезги и т.н..

Во голем дел од градовите ќе се почуствува пад на приходите и по основ на т.н. „дневни договори„ каде тезгата како продажно место се ангажира на дневна основа, а не со годишен или повеќемесечен договор за закуп.

Посебен случај е со пазарите во Битола, каде се ангажирани околу 600 тезги, од кои значаен дел тргуваат и во ден недела. Поради конфигурацијата и поставеноста на пазарот на трасата на две улици, негово „затворање„ во ден недела едноставно не е изводливо.

И пазарите низ државата на кои пазарен ден не им е недела, сосема се согласни и го поддржуваат членството на Групацијата во настојувањата за зелените пазари да се направи исклучок и да им се овозможи работа во недела.

**Граѓаните** на веќе милионскиот град Скопје, како потрошувачи исто така ќе ги почуствуваат последиците од ваквите измени.

Искрено се надеваме на позитивен одговор, бидејќи во спротивно ќе се соочиме со незадоволство од закупците на тезги да го оставарат своето право на работа во денови кога и проемтот е соодветено голем и субституира сериозен дел од прометот во останатите денови од неделата. Би биле повеќе од благодарни доколку издвоите дел од Вашето драгоцено работно време и ни овозможите непосредно да ги искажеме нашите аргументи и факти.

Лице за контакт, Даниела Михајловска Василевска, е-адреса: daniela@mchamber.mk;

Претседател,
Кристина Кржалеска Деспотоска с.р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Копија:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- Фатмир Битиќи, Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.